АД за производство на метални и
електромашински производи
П Р О Л У К С
Бр. 02-45
29.04. 2019 год.
В Е Л Е С

# ЗАПИСНИК

**од седница на Собрание на акционери на**
**АД за производство на метални и електромашински производи ПРОЛУКС-Велес**

Седницата на Собранието на акционери на **АД за производство на метални и електромашински производи ПРОЛУКС-Велес,** се одржува на ден 29.07.2019 година (понеделник), во просториите на друштвото на улица „Васа Кошулчева" број бб во Велес, која започна во закажаниот термин во 12:00 (дванаесет) часот.

Седницата ја отвори **Претседавачот** од претходната седница на Собранието на акционери лицето МИЛЕ МАНЧЕВСКИ со читање на Дневниот ред за работа на ова Собрание на акционери, објавена во јавното гласило Нова Македонија на ден 25.06.2019 година со Јавен повик за учество на годишна седница на Собрание на акционери.

Седницата на Собранието на акционери работеше по следниот:

**ДНЕВЕН РЕД:**

**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:**

1. **Пријавување и евиденција за присуство на Собранието;**
2. **Избор на претседавач на Собранието;**
3. **Избор на Бројач на гласови;**

**РАБОТЕН ДЕЛ:**

**4. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2018 година;**
-Предлог Одлука за одобрување и усвојување на Годишниот Извештај;
**5. Годишна сметка на друштвото и Финансиски Извештаи на друштвото за 2018 година;**
-Предлог Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка и Финансиски Извештаи на друштвото за 2018 година;
**6. Извештај за извршена ревизија од овластен ревизор за 2018 година;**
-Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за извршена ревизија за 2018 година;
**7. Извештај за работата на членовите на Управниот Одбор на Друштвото за 2018 година;**
-Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот Одбор на друштвото за 2018 година;
**8. Извештај за работата на членовите на Надзорниот Одбор на Друштвото за 2018 година;**
-Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот Одбор на друштвото за 2018 година;
**9. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година.**

**Во процедуралниот дел**, Претседавачот од претходната седница на Собранието на акционери МИЛЕ МАНЧЕВСКИ ја отвори оваа седница на Собрание на акционери, кој истакна дека за оваа седница објавен е јавен повик во јавното гласило Нова Македонија на ден 25.06.2019 година од страна Управниот одбор на **АД за производство на метални и електромашински производи ПРОЛУКС-Велес** за учество на редовната годишна седница на Собранието на акционери.

Претседавачот од претходната седница на Собранието на акционери МИЛЕ МАНЧЕВСКИ истакна дека видно од Списокот на пријавени и присутни акционери, на оваа седница на Собрание на акционери присуствуваат вкупно 3-ца (три) акционери сопственици на вкупно **18562 (осумнаесетилјадипетстотинишеесетидве) обични акции со право на глас**, и тоа Трговското друштво за вработување на инвалидни лица за производство на електрични апарати опрема и уреди ЛЕОВ КОМПАНИ ДООЕЛ Велес застапувано од Управителот ЗЛАТКО ЛЕОВ - акционер со вкупно 18560 акции и исто толку гласа, Никола Арсовски со 1 (една) акција и 1 (еден) глас и акционерот Миле Манчевски со 1 (една) акција и 1 (еден) глас од вкупно запишаните во Акционерската книга на друштвото 122 иматели на на вкупно запишаните 23708 (дваесетитриилјадиседумстотиниисум).

Претседавачот од минатата седнца на Собрание на акционери акции МИЛЕ МАНЧЕВСКИ утврди дека присутни се повеќе од половината од вкупно запишаните акции и со ова констатира дека Собранието има КВОРУМ за работа и дека може полноправно да донесува одлуки согласно Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото.